Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 08 - 180/5
04 . 11 20 20 год.
ВЕЛЕС

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOP
of Vardar planning region

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

# Записник од Прва форумска сесија во рамките на Програмата „Регионални форуми во заедницата" во Вардарски плански регион

**Датум:** 26,10-03.11.2020 г.**, Место:** електронски прашалник, **Час: /**
**Граѓани кои одговориле на прашалникот :**
**Учесници** на Првата форумска сесија се од 9 општини од Вардарскиот планки регион и тоа: Лозово, Велес, Неготино, Кавадарци, Градско, Свети Николе, Демир Капија, Чашка и Росоман од кои: 38 женски и 33 мажи.
**Модератор** : Игор Тасевски, **Ко-модератор** Татјана Темелковска

**Програма на електронска сесија** (точки, според дневниот ред на дадената сесија):

| |
|---|
| **1**. Презентација на форумскиот процес |
| **2.** Избор на приоритетни области и подобласти |
| **3.** Идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со **избраните области и подобласти,** со кои се соочува Вардарскиот планскиот регион |
| **4.** Групирање на проблемите од приоритетните области и подобласти |
| **5**. Листа со препораки |

1. **Презентација на форумскиот процес**

Заради ескалирање на КОВИД 19 пандемијата и големиот број на заразени во Врадарскиот плански регион беше донесена одлука првата форумска сесија да се реализира со спроведување на електронски прашалник.

Најпрвин беше изготвена листа со потенцијални учесници кои можат да дадат придонес во одредувањето на приоритетите на регионот, а потоа ЦРВПР, ко-модераторот и модераторот изготвија и дистрибуираа покана во која беше објаснет целокупниот форумски процес и неговите цели и резултати. Беше потенцирано дека треба да се врши избор на приоритетни области и подобласти од Програмата за развој на ВПР и да се идентификуваат проблемите во регионот за кои надворешен експерт ќе изготви соодветни концепт решенија, а Советот за развој на ВПР ќе даде оценка и насоки за нивно подобрување или евентуално елиминирање.

На учесниците им беше посочено дека активното учество во форумскиот процес е од особено значење заради решавање на проблемите и избор на квалитетни проекти со регионален карактер, обезбедена документација, решени имотно-правни работи, изведливост и сл.

Заради рамноправното и еквивалентно граѓанско учество при носењето одлуки беше нагласена и структурата на учесници на форумот.

Истражувањето го реализираше тимот на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион заедно со модераторот и ко- модераторот. Имено на 82 граѓани на e-mail им беше доставен прашалникот. При доставувањето на прашалникот се водеше грижа да бидат почитувани правилата за реализација на форумот пред се вкупниот број на учесници по општина, од сите чинители, не смее да надминува од 8-10 претставници. Потоа се внимаваше да се почитуваат и правилата како:

- Жените се претставени со најмалку 40% на работните маси;
- Најмалку 20% од присутните се млади;

Учесници на регионалните форуми (помеѓу 50 и 70 зависно од големината на регионот) ќе бидат:

- Членови на Советите на Центрите за развој на планските региони;
- Претседателите на Советите и советници од ЕЛС во планскиот регион;
- Бизнис заедницата во регионот, претставена преку стопанските комори;
- Здруженијата на граѓани;
- Претставници на урбани/месни заедници по општина;
- Заинтересирани граѓани;
- Најмногу 2 претставници од секоја од Единиците на локалната самоуправа од регионот.

На почеток треба да се спомене дека имаше значителен интерес од лицата кои го добијаа прашалник 71 лице или 86.5% го одговорија. Еве ги карактеристиките на учесниците во истражувањето: 53,5 жени и 46,5 мажи.

Според возраста 25,4% - се на возраст од 18-30 години, 71,8% се на возраст од 30-60 години 2,28% с на возраст над 60 години.

Според етничка припадност најмногу лица се од македонска националност 97,2%, а 1.4 србин и 1,4 ненанционален.

Според занимањето имаме различни учесници и тоа најмногу вработени во јавни институции – 66,2%, потоа ангажирани во граѓански сектор 11,3%, 7% во бизнис сектор, 5,6% невработени, 4,2% - ученици/студенти, 2,8% пензионери, 1,4% вработени во приватен сектор и 1.4% вработени во земјоделство и сточарство.

Само 4,2% од анкетираните мислеа дека припаѓаат на социјално исклучена група.

**2. Избор на приоритетни области и подобласти**

Во делот на област која сметаат дека е приоритетна во рамките Вардарскиот плански регион анкетираните можеа да бираат меѓу следните 5 области:

1. Зајакнати потенцијали зарегионален развој преку вложување во инфраструктура
2. Економски развој на регионот
3. Заштита на животна средина

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOP of Vardar planning region

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

4. Зајакнување на човечкитепотенцијали
5. Задржување на младите во Регионот

Анкетираните ја извришија оваа приоретизација на приоритетни области:




1. Зајакнати потенцијали зарегионален развој преку вложување во инфраструктура – 31 глас
2. Економски развој на регионот – 29 гласа
3. Заштита на животна средина – 17 гласа
4. Зајакнување на човечкитепотенцијали – 5 гласа
5. Задржување на младите во Регионот – 15 гласа

Што се однесува до подобласти ова е изборот на анкетираните:

Подобластите во областа Зајакнати потенцијали за регионален развој преку вложување во инфраструктура вака се одбирани:

1. Инвестиции во патен сообраќај, регионален и локален -26
2. Инвестирање во развој на индустриски зони-12
3. Инвестиции во инфраструктура во комунални дејности – 13
4. Инвестиции во инфраструктура поврзана со туризмот – 14
5. Урбанизација на општините преку завршување на ДУП и ГУП - 3

Подобласти во областа Економски развој на регионот вака се одбирани:

1. Земјоделство, (полјоделство и сточарство) – 14
2. Преработувачката индустрија - 13
3. Туризмот, (рурален, вински, здравствен, зимски, езерски, лов, адреналински, верски) – 8

Подобласти во областа Заштита на животна средина вака се одбирани

1. Зголемено искористување на обновливите извори на енергија и инвестиции во енергетска ефикасност – 8
2. Воведување и поддршка за селекција и рециклирање на отпадот – 11
3. Намалување на загадувањето преку поддршка на фирмите кои испуштаат течни и гасовити штетни материи – 6
4. Пошумување на регионот - 7

Подобласти во областа Зајакнување на човечките потенцијали вака се одбирани

1. Подобрување на квалитетот на инфраструктурата во образованите и здравствените установи – 3
2. Поддршка на основање на разни социјално - инклузивни услуги во регионот - 5

Подобласти во областа Задржување на младите во Регионот вака се одбирани:

1. Регионална поддршка на претприемништвото и почетните бизниси, преку креирање на инструменти за поддршка, (бизнис центри, инкубатори, гарантен фонд) – 12
2. Промоција на идејата за претприемништво – 3
3. Промоција и поддршка на развојот на социјалното претприемништво – 5
4. Развој на дигиталните вештини – 4
5. Иновациите во приватниот сектор – 3

Имајќи ги во предвид правилата за реализација на регионалните форум треба да се направи избор на две области и по две подобласти од секој однив.

3.Идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со **избраните области и подобласти,** со кои се соочува Вардарскиот планскиот регион

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOP
of Vardar planning region

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Имајќи ги во предвид правилата за реализација на регионалните форум треба да се направи избор на две области и по две подобласти од секој однив. Ова се областите со најмногу гласови и подобластите со најмногу гласови. Еве го изборот:

**1.Зајакнати потенцијали за регионален развој преку вложување во инфраструктура.**

1. Инвестиции во патен сообраќај, регионален и локален
2. Инвестиции во инфраструктура поврзана со туризмот

**2. Економски развој на регионот**

1. Земјоделство, (полјоделство и сточарство)
2. Преработувачката индустрија

Ова се проблемите кои беа наведени во прашалците во кои беа избрани овие области

**1.Зајакнати потенцијали за регионален развој преку вложување во инфраструктура.**

1. Недостиг на локални и регионални патишта - Има Техничка документација
2. Изградба спортско-рекреативен центар со затворен базен. - Имаме изготвено проект
3. Инвестирање за отварање на нови фабрики во регионот – /
4. Инфраструктура и подобрување на локлани улици и патишта
5. Недоволно развиена инфракструктура во локални улици - проектна и техничка документација
6. Доволно неразвиена локална и регионална патна мрежа - Целокупна проектна документација
7. Постојат локални улици во општината кои се уште не се асфалтирани, а со самото тоа не е решено и одводнувањето и се тешко пристапни/достапни и за возила од лесна категорија/ комунални возила. - Проектна документација
8. Оштетени локални улици во општината. Улици без тротоари и (велосипедски патеки кај улиците со поголем ранг) при што се ограничува бројот на корисници на истите.- Проектна документација
9. Локалната патна инфраструктура до верски објекти не е изградена- Проектна документација, издадена дозвола

10. Нови индустриски зони и реализација на уреденоста (комунална и сообраќајна инфраструктура) на градежното земјиште кое е предвидено или ќе се предвиди за индустрија. Подобрување на инфраструктура на места кои имаат потенцијал за туризам.

11. Недоволна развиена патна мрежа до одредени туристички места, како и недоволно маркирани туристички патеки – /

12. Потребни се повеќе индустриски зони и компании во нив, но со подобри услови за работа и повисоки плати за вработените- /

13. Недоволно техничка документација - Тех. Док. ОП Уредување на градски пазар во Неготино Тех. Док. Оп за кружен тек помеѓу ул. БАБА Ана Ташева и Маршал Тито и Индустриска, Тех. Док. за комунална, атмосферска, сообраќајници и електрика за У38, Потреба од Тех. Документација за Индустриски зони и нивно поврзување со магистрален пат(северна и јужна обиколница) и Тех. Док. за пречистителна станица

14. Недоволна уредна техничка документација - Техничка документација Основен проект Уредување на градски пазар во Неготино, Техничка документација за Кружен тек помеѓу Маршал тито, Индустриска и Баба Ана Ташева, Техничка документација за комунална инфраструктура водовод, канализација и атмосферска со сообраќајници и електрика во Индустриска зона У38,Потреба од Техничка документација за индустриски зони и поврзување со магистрален пат, Тех. док. основен проект Северна и Јужна обиколница, Тех.док. пречестителна станица,

15. Решавање на долгогодишниот проблем на Град Неготино а тоа е водоснабдувањето - Има изготвено документација

16. Како проблем може да се наведе привлекувањето на инвеститори за отварање на помали фабрики во индустриската зона во Лозово

17. Имаме подготвени проекти за изградба на детски забавни паркови во сите населени места.

18. Немањен пристап до атрактивни локалитети, пр. пештери Змејовец и Бела Вода- Проект за изградба на пристапни патеки до овие локалитети

19. Изградба на модерен спортско качувачки центар во Демир Капија За Инвестиции во инфраструктура поврзана со туризмот, се јавува проблем од недоволно развиени услови за развој на спортското качување карпи во период кога временските услови не го дозволуваат тоа во природа. Општина Демир Капија располага со сертифицирани инструктори за качување карпи, но спречени од овој проблем, отежнати се можностите за развој на овој спорт како дел од авантуристичкиот туризам во Вардарскиот Плански Регион. Реализацијата на овој проект опфаќа создавање на модерен спортско качувачки центар, со изградба на вештачка карпа во затворен простор, од метална конструкција со инсталирани дрвени табли и навои за монтирање на фаќалишта, како и набавка на соодветна опрема за сите возрасти. Пратејќи ги светските трендови, предвидено е истиот да биде идеален за различни видови на тренинзи, соодветен за почетници, деца и поискусни качувачи. Проектот

има значаен регионален карактер од причини што во моментов не постои таков спортско качувачки центар во Вардарскиот Плански Регион. Основа за понатамошен развој на овој предлог е постоечката и добро позната Демиркаписка Клисура, која е една од најдобрите локации за развој на овој спорт во државата. Со изведбата на овој проект се придонесува за полесен пристап до спортот на сите заинтересирани љубители на екстремни спортови, можност за развој на здрави навики кај помладата популација, како и збогатување на туристичката понуда во регионот.

20. Како проблем што треба да се реши е изградба на земјениот пат, што е дел од обиколницата на Демир Капија и ја поврзува со клучката на автопатот. По трасата на овој пат има, приватни фирми како што се: - погон за прозори и врати, - хотел, - винарија Вила Марија, - винарија и хотел со ресторан Попова Кула, - хотел Модерна. Со изградбата на овој пат ќе се олесни работата на фирмите, ќе се создадат услови за отворање на нови фирми и нови можности за вработување на младите и тоа не само од Демир Капија туку и од Неготино и Кавадарци.

21. За делот со Инвестиции во инфраструктура поврзана со туризмот, има недостаток од развој на спортското качување по карпи во период кога временските услови не го дозволуваат тоа во природа. Општина Демир Капија располага со сертифицирани инструктори за качување карпи, но проблем се недоволните услови за развој на овој спорт како дел од авантуристичкиот туризам во Вардарскиот Плански Регион. Реализацијата на овој проект опфаќа создавање на модерен спортско качувачки центар, со изведба на вештачка карпа од метална конструкција со инсталирани дрвени табли и навои за монтирање на фаќалишта, во затворен простор, заедно со набавка на соодветна опрема за сите возрасти. Пратејќи ги светските трендови, предвидено е истиот да биде идеален за различни видови на тренинзи, соодветен за почетници, деца и поискусни качувачи. Проектот се надоврзува на постоечката и добро позната Демиркаписка Клисура, која е една од најдобрите локации за развој на овој спорт во државата. Во моментов не постои спортско качувачки центар во Вардарскиот Плански Регион, со што целосно се оправдува регионалниот карактер на проектот. Со изведбата на овој проект се придонесува за полесен пристап до спортот на сите заинтересирани љубители на екстремни спортови, можност за развој на здрави навики кај помладата популација, како и збогатување на туристичката понуда во регионот.

22. Од областа на Зајакнати потенцијали за регионален развој преку вложување во инфраструктурата, односно Инвестиции во патен сообраќај, регионален и локален, се јавува потреба од изведување на заеднички дел од регионалните правци P29171 и P29178, на подрачјето на Општина Демир Капија. Овој проблем вклучува потреба од асфалтирање на постоечкиот земјен пат, како и изведба на тротоари од двете страни на коловозот и поставување на осветлување низ целата должина на потегот. Проектот е од големо регионално значење затоа што придонесува за развој на економијата во Вардарскиот

Плански Регион, поминувајќи низ индустриската зона Попова Кула, која поврзува важни индустриски и туристички субјекти (Две познати винарии – Кралска Винарија Кралица Марија и Попова Кула, Хотелот Модерна, Рибник Акватика и др.). Полесниот пристап до истите значително ќе го намали сообраќајот низ централниот дел на градот, ќе се зголеми безбедноста на сите учесници во него и ќе се намали загадувањето од истиот. Исто така, проектот има позитивно влијание и врз развојот на туризмот преку обезбедување на подобри услови за постоечките туристички субјекти и отварање на можности за привлекување на нови инвестиции.- а овој предлог проект има целосна техничка документација: - Основен проект со Предмер пресметка; - Ревизија на основен проект; - Елаборат за влијание на проектот врз животната средина; - Одобрение за градба.

23. Изградаба на заеднички дел од регионалните правци и Р29171 и Р29178 во Демир Капија - За овој предлог проект Општина Демир Капија има целосна техничка документација и тоа: - Основен проект со предмер и пресметка, - Ревизија на основен проект, - Елаборат за влијание на проектот врз животната средина - Одобрение за градба

24. Изградаба на заеднички дел од регионалните правци и Р29171 и Р29178 во Демир Капија - За овој предлог проект Општина Демир Капија има целосна техничка документација и тоа: - Основен проект со предмер и пресметка, - Ревизија на основен проект, - Елаборат за влијание на проектот врз животната средина - Одобрение за градба

25. Изградаба на заеднички дел од регионалните правци и Р29171 и Р29178 во Демир Капија - За овој предлог проект Општина Демир Капија има целосна техничка документација и тоа: - Основен проект со предмер и пресметка, - Ревизија на основен проект, - Елаборат за влијание на проектот врз животната средина - Одобрение за градба

26. Стара и оштетена патна мрежа. Потребно е да се направи во Демир Капија ренонструкција на дел од регионалниот пат Р1102 што поминува низ идустриска зона и ја поврзува зоната со автопатот Е75, ова ќе го олесни собрајќајот, намалување на патни трошоци, намалување на загадувањето, зголемена безбедност. - /

27. Изградаба на заеднички дел од регионалните правци и Р29171 и Р29178 во Демир Капија-

28. Инфраструктурниот проект Изградаба на заеднички дел од регионалните правци Р29171 и Р29178 во Демир Капија ќе се реализира на веќе постоечки земјен пат, кој ќе претставува комплетирање на новото сообраќајно решение за поврзување на градот Демир Капија со автопатот Е-75. Воедно со изградбата на клучка, реализирана со проект финасиран преку БРР и во соработка со ЦРВПР и предлогот за уредување на земјениот пат до фаза на асфалтирање и изградбата на тротоари, ќе овозможи поврзување на ново проектираната позиција на регионалните правци Р29171 -Демир Капија (врска со Р1102) - Крнјево - Конопиште - Мушов Гроб (спој соР1107) и Р29178 со автопатот Е-75 и Р1102 (старо М1). Овој заеднички дел од регионалните правци Р29171 и Р29178 поминува низ јужната страна на Демир Капија и како ново сообраќајно техничко решение е проектирано во новиот

урбанистички план на општина Демир Капија. Предлог проектот се однесува на изведување на земјени работи на коловозот со ширина од 6м и со должина од 700м до фаза на асфалтирање, како и изградба на тротоари од двете страни на коловозот со должина од 900м и поединечна ширина од 1,5м. Затоа што се работи за делница од регионалните правци Р29171 и Р29178, Општина Демир Капија во координација со ЈПДП изработи технчка документација и со обезбедување на средства може да ги реализира работите на коловозот до асфалтирање, кое што ќе го изврши ЈПДП. Додека изградбата на тротоарите е во целосна надлежност на Општина Демир Капија. Реализацијата на овој проект има големо регионално значење за развој на економијата во ВПР, затоа што поминува низ индустриската зона Попова Кула. Во оваа зона веќе работат двете винарии, Попова Кула и Кралската винарија Марија, хотелот Модерна, погон за изработка на ПВЦ профили за врати и прозори, фотоволтаични помали централи, рибник Акватика. Проектот ќе има големо позитивно влијание во работата на индустриските и туристичите субјекти затоа што ќе се олесни пристапноста до нив и ќе се намалат нивните трошоци за транспорт. Воедно ќе се намали сообрајќајот низ центарлното подрачје на Демир Капија со што директно позитивно се влијае врз безбедноста во сообрајќајот и намалување на загадувањето од сообраќајот. Проектот ќе има позитивно директно влијание за привлекување на нови инвестиции од лесната незагадувачка индустрија и во подобрување на условите за развој на туризмот во Вардарскиот регион. Посебно ќе биде значењето за развој на туризмот затоа што со изградбата и асфалтирањето на заедничката делница на двата регионални правци Р29171 и Р29178 ќе се реши влезот во парцелата на која што е предвидена изградба на Центар за промоција и продажба на традиционални типични производи и туризам., кој што воедно и регионален проект со изработена техничка документација преку проект на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион и ГИЗ РЕД. Реализацијата на овој предлог проект ќе овозвожи и поврзување со комплексот ЕТНО ВИНСКО СЕЛО КЛИСУРА, на чија што реализација Општина Демир Капија интезивно работи.спортско рекреативниот локалитет Дошница, населените места Чифлик, Дрен, Клисура, Бесвица и Барово. Изградбата на дел од обиколницата, со должина од 700 метри на коловозот и 900 метри, ќе овозможи побезбеден, побрз и полесен пристап до индустриските зони Попова Кула 1 и Попова Кула 2. Во овие индустриски зони веќе функционираат правни субјекти од приватниот сектор, односно од категоријата на лесна и незагадувачка индустрија, хотели и винарии. - За овој предлог проект Општина Демир Капија има целосна техничка документација и тоа: - Основен проект со предмер и пресметка, - Ревизија на основен проект, - Елаборат за влијание на проектот врз животната средина - Одобрение за градба.

29. Немање на индустриски зони значи немање можност за создавање предуслови за привлекување на инвестиции кои би биле заслужни за задржување на населението и развој на општината - Општина Чашка е во крајна фаза на спроведување и одобрување на ЛУПД за индустриска зона на површина од 21 ha.

30. Патна , локална и регионална инфрастуктура – Асфалтирање/рехабилитација на локален пат за село Војница регионално и локално значење Имаме докуемнтација има одобрение за грдба недоставсуваат најмногу до 2 км уште

31. Рехабилитација на пат за Папрадиште ( рехабилитацаија на локален пат до 1 км треба да провериме за техничка документација

32. Пат до долно Врановци , центарот на Републиката (3- 3.5км) имаме проектна докумнетација немаме одобрение за градба

33. Инвестиција во патна инфраструктура како локална така и регионална .- техничка документација

34. Обнова на локалната патна инфраструктура,- техничка документација

35. Отпад, загадување, ниска свест на граѓаните за комуналната хигиена, чување на стока во населено место, палење на смет во дворови и сл., неуредени јавни површини, неискосени тротоари, кучиња скитници и др.

о

Во областа на **Економски развој на регионот**

1. Недоволно подготвена инфраструктура за привлекување на инвестиции - Проектна документација, техничка документација

2. Мал број фабрики и ниски плати

3. Системи за наводнување - моментално нема

4. Проблем со презентацијата, промоција и соодветна дигитално евидентирање и заштита на културно-историското наследство (движно и недвижно). Недоволен пристап до информации за културнато наследство до пошироката јавност, а со тоа и слаба популаризација на истото. Несоодветна инфраструктура и показатели кон култуно-историските споменици и археолошките локалитети. Недоволни буџети за непосредна заштита. Слаба информираност на безбедносните служби, кои директно се инволвирани во процест на заштита на културното наследство. - Изработен проект Дигитална археолошка карта на Општина Свети Николе и Општина Лозово, во која се мапирани локалитети од Праисторија, Антика до Среден век, претставени на вебстрана www.dak.mk (која ќе се презентира во јавноста после координација со Управата за заштита на културното наследство - УЗКН, Министерството за внатрешни работи - МВР и стручни лица од Националниот конзерваторски центар - НКЦ. Со финансиска подршка од Министерството за култура, креиран е едноставен модел за дигитално рекогносцирање и презентација, како на недвижното така и за движното културно наследство преку веб страна, која ќе биде достапна до широката јавност. Проектот е во Фаза II, и истиот веќе претрпува измени и дополнувања на датабазата. Веќе е утврден начинот и принципот на работа при процесот на прибирање и обработка на податоците, како и основите за соодветна дигитализирање и презентација на движно и недвижно културно наследство на Вардарскиот регион.

5. Несигурен откуп; негарантирани и ниски цени;

6. Нефункционални системи за наводнување на обработливите површини. Многу слаба пристапност до обработливите површини. Многу мала поддршка од владата за земјоделците. Многу мала поддршка од владата за развој на туризам. Слабо заштитени природно туристички места. Релативно мали вложувања во туризмот во инфраструктура, помагање на туристичките чинители, загадување на природата(директно влијае на туризмот).

7. Необезбеден откуп на земјоделски производи

8. Необезбеден откуп на земјоделски производи

9. Во делот на развој и промоција на туризмот, многу малку се дава на значење во целата држава а така и во нашиот регион. Сметам дека со воведување на нови содржини ќе можеме да ја збогатиме туристичката понуда, односно ќе воведеме нови елементи за привлекување на туристи, а со тоа ќе ја зајакнеме економијата во регионот. - За реализација на овој проект за Адреналински парк, ја поседуваме целокупната техничка документација.

10. Тампонирање на пристапни патишта до обработливи земјоделски површини кои поврзуваат две соседни општини - Проектна документација и техничка документација

11. Отворање на преработувачки и текстилни капацитети во индустриската зона. - Урбанистички план за индрустриската зона во с. Лозово

12. Располагаме со големо количество на овошје и зеленчук а имаме фабрика за преработка која не функционира

13. Потекнуваме од убав регион за развој на вински туризам,рурална жена со храна типична за овој регион - Во тек е објектот,може да се каже дека наскоро би требало да профункционира

14. Современ откупно дистрибутивен центар – Нема документација

15. Ненавремена исплата на субвенциите за земјоделците, нема однапред загарантирана цена за откуп на земјоделски производи, превисоки цени на препаратите за заштита на земјоделските производи, превисоки цени за заштита на земјоделскитекултури, скапи ѓубрива, ненавремено обезбедување на вода за полевање и чести проблеми со каналот за вода.

16. Повеќе внимание на културниот туризам - Имотен лист, техничка документација

17. Населението нема претприемачки дух ; владее преголем страв и незадоволство; неможноста да се добијат точни и навремени информации; неможноста голем дел од населението да се финансира; немањето подршка од државниот систем; услови кои се тешки за исполнување....- техничка документација (

18. Инвестиции во комунални дејности - фекална канализација за горно врановци имаме проектна документација

Мал/недоволен број на фабрики/фирми за отворање на нови работни места

**4. Групирање на проблемите од приоритетните области и подобласти**

Анкетираните откако ќе извршеа избор на област и подобласти имаа можност да наведат проблеми во истите, а за секој од проблемите имаа можност да наведат дали има подготвени/достапни документи.

Во областа **1. Зајакнати потенцијали за регионален развој преку вложување во инфраструктура**, ова се најчесто детектираните проблеми од страна на анкетираните:

1. Неразвиена локална и регионална патна мрежа
2. Подобрување на локлани улици и патишта
3. Изградаба на заеднички дел од регионалните правци и Р29171 и Р29178
4. Недоволна развиена патна мрежа до одредени верски објекти, туристички места, како и недоволно маркирани туристички патеки.
5. Немањен пристап до атрактивни локалитети
6. Инвестиции во инфраструктура поврзана со туризмот

Во областа 2. **Економски развој на регионот**, ова се најчесто детектираните проблеми од страна на анкетираните:

1. Нефункционални системи за наводнување на обработливите површини.
2. Потреба од современ откупно дистрибутивен центар
3. Необезбеден откуп на земјоделски производи
4. Многу слаба пристапност до обработливите површини
5. Недоволно подготвена инфраструктура за привлекување на инвестиции
6. Тампонирање на пристапни патишта до обработливи земјоделски површини кои поврзуваат две соседни општини
7. Отворање на преработувачки и текстилни капацитети во индустриските зони

**5. Листа со препораки**

Во продолжение следи листата на препораки кои беа напишани како проблемите во прашалникот за другите области и подобласти

1. Зголемената концентрација на ПМ10 честичките во општината
2. Подобрување на условите во образованието (особено инфраструктурни)
3. Нај голем дел од учесниците во социјалните процеси се соочуваат со проблеми со достапноста во било кој сегмент од институциите, од едноставна причина што за нив се не непознати процесите и документите потребно за било кој процес.

4. Најголем % од постоечкото население во руралните области е со многу низок степен на образование во комбинација со мрзливост. Така, коренот на проблемот е непознавање на можности, отсуство на идеи и желба за било каков напредок и помодерно работење кое пак ќе овозможи и подобри, поредовни и поголеми приходи.
5. Лошиот пристап на институциите е што на овој голем % на население им се дава социјална помош (каква - таква), па ова во комбинација со се кажано во точка 1. дополнително го гради долгорочното отсуство на желба за било каква активност, работен ангажман, учење на возрасни, итн.
6. Паралелно - отсуство на било какви едукативни и информативни сесии / програми за населението во руралните области, од страна на општините, консултативна помош. со што би им се помогнало на помладите и жените да се активираат во диверзификација на приходите и покултурно живеење.
7. Недостиг на финансии, слаби капацитети на ЧР, недостиг на интегрирани статегии и усогласени со Зелениот договор на ЕУ до 2050 година
8. Зајакнување на граѓаните и оспособување за нивно активно учество во политиката
9. Загаденост на воздухот
10. Намалување на загадувањето преку поддршка на фирмите кои испуштаат течни и гасовити штетни материи
11. Регионална поддршка на претприемништвото и почетните бизниси, преку креирање на инструменти за поддршка, (бизнис центри, инкубатори, гарантен фонд, почетен фонд за основање на фирми, акцелератори)
12. Немање/не спроведување на ефективни и ефикасни програми за млади
13. Миграции од помалите места кон поголемите поради поголеми можности за вработување и подобри услови за живот. Во Демир Капија потребно е да се создадат можности за отворање на нови бизниси и проширување на веќе постоечките бизниси
14. Немањето или пак неспроведувањето на Локалните младински стратегии и акциските планови од истите.
15. Отпад, загадување, ниска свест на граѓаните за комуналната хигиена, чување на стока во населено место, палење на смет во дворови и сл., неуредени јавни површини, неискосени тротоари, кучиња скитници и др.
16. Иако постојат одредени Владини програми за вработување и вклучување на одредена категорија на граѓани сепак сметам дека се недоволно искористени поради ,недоволно промовираност или недоволно ефикасност за да ги задржат младите од заминување во странство
17. Економски социјален статус
18. Јас мислам дека масовно се напуштаат родните огништа и треба да ги задржиме младите

19. Подеднакво распоредување(рамномерно)средствата од БРР до малдите во сите општини да основат мали фирми

20. Недоволна мотивираност, знаење и финансиска поткрепеност на младите за да отворат свој бизнис и да го зајакнат економскиот развој

21. Немање на селекција на отпадот во општините, недостаток на свест , недостаток на ангажирање на носителите на одлуки, елиминација на нестандардизирани депонии, изградба на фабрики за рециклирање

22. Ненавремена исплата на субвенциите за земјоделците, нема однапред загарантирана цена за откуп на земјоделски производи, превисоки цени на препаратите за заштита на земјоделските производи, превисоки цени за заштита на земјоделскитекултури, скапи ѓубрива, ненавремено обезбедување на вода за полевање и чести проблеми со каналот за вода.

23. Физичка адаптација(пристапни патеки, лифтови, елеватори и тоалети) на училиштата за децата со попреченост, формирање на тимови кои ќе работат на инклузија на децата и младинци со попреченост,обезбедување на дидактички материјали и специјализирани кабинети за поддршка на деца и младинци со попреченост. Адаптација на амбуланти и други јавни здравствени институции за помош на маргилизираните групи на граѓани. Едукација на здравствени работници за работа со маргилизирани групи на граѓани и граѓани во ризик Спуштање на социјалната заштита на локално ниво, распределба на финансиски средства од централно на локално ниво. Формирање на иновативни социјални сервисни услоги, адаптирани според потребите на секоја локална заедница и според потребите на граѓаните: - сервисни услуги за деца и лица со попреченост( дневни центри, домување со поддршка, персонална асистенција и нега во дом) - сервисни услуги за поддршка на стари и изнмоштени лица - сервисни услуги за поддршка на самохрани родители - сервисни услуги за поддршка на лица кои се излоижени на семејно насилсрво- шелтер центри за поддршка

24. Неправилна селекција на отпад и голи ридови и долини

25. Загаден воздух, премалку дрва и зелени површини

26. Недоволни работни места за младите лица како и можност за напредување во одредена професија.

27. Недостаток на финансиски средства за развој на земјоделието во општина Градско

28. Ниски откупни цени на земјоделските производи,Непостоење на пласман на земјоделските производи, немање на Патна и комунална инфраструктура,непостоење на ЛУП И ДУП за селата,непостоење на здраствени,културни,социајлни и спортски установи за социо-економски развој на жителите од рурални средини,непостоење на градинки за згрижување на дечињата

29. Неправедно добивање работни места.

30. Загадување на воздухот од фабрики

31. Општината во моментот нема крупни проблеми во оваа област

32. Подобрување на енергетската ефикасност со поставување на фотоволтаични панели на водоснабдителните системи

33. Постојат посебно изразени услови и капацитети во нашиот регион посебно за социјалното претприемништво, кое за сега останува непознато.

34. Се она што се подразбира и е детално пропишано во соодветните законски норми. Примери: (1) хоризонтална и вертикална сигнализација на патишта, согласно закон (не само да се асфалтира некое патче, камо ознаки на патот, човек не знае кој правец е со предност и сл.), (2) камо одржување на вегетација покрај сите локални патишта (3) и во селата мора да има културно живеење - зошто се нема храброст да се забрани стока да поминува низ селото? (4) за отпад и градежен шут и да не зборувам, никој нема дупе да се спротивстави на корупција и мафија (5) кога еден човек поминува покрај некој јавен пат или улица во село, па тоа треба да е уредено, одржано, да нема ни ѓубренце, ни откорнати дупки, ни кал..... толку ли ги мрзи во ЈКПата да ги одржуваат овие работи? 2. Туризам. се ова претходно напишано е предуслов за развој на туризам, ако некој во општината (а за што го плаќаме инаку ние, граѓаните) мисли дека треба хотели да се градат, не! Тоа е второстепено. Прво секој да си ја уреди општината! Второ, да се одржуваат едукативни програми / работилници, сесии со локално население и да се едуцираат за милион идеи за привлекување на посетители од кои може да наплаќаат услуги. Во убава, чиста, уредена општина и посетителите ќе сакаат да доаѓаат, па со самото тоапомладите жители да се свртуваат кон разни видови на туристички / услужни дејности. Трето, нека има дополнителни фондови (не само ИПАРД кој е доста тежок) за отпочнување на мали бизниси, за млади луѓе и за жени, ако сакате воопшто да има задржување на руралното население, бидејќи има масовно намалување на населението.

35. Во планираните области воопшто не се вклучени одржливата урбана мобилност и циркуларната економија како клучни столбови на Европскиот зелен договор 2050. Клучни проблеми: сообраќаен хаос и енормно загадување на воздухот од возилата

36. Подобрување на енергетската ефикасност преку промена на фасади, менување на кровови и промена на прозори во административните и образовните институции, поставување на фотоволтаични панели на водостабдителните системи во населба Градско

37. Одлични услови во нашата општина поради многу сончеви денови за поставување на сончеви панели за производство на струја.поставување на фотоволтаици на пумпните станици за помала потрошувачка на струја.

38. Немање Инвестиции во искористување на обновливите видови на енергија

39. Загаден воздух, палење и горење на секаков отпад, собирање на отпад од страна на Комунална хигиена 1 (еднаш) неделно, непостоење можност за селекција на отпадот за негово рециклирање, непостоење на поддршка од страна на општината за субвенционирање на

еколошки начини на загревање, нееудицираност на населението во претераното користење на пестициди и хемиски прозводи при одгледување на земјоделски култури и др.

40. Преголема потошувачка на електрична енергија

41. Неконтролиран ископ на песок и чакал од речното корито на река Црна со што се нарушува биодиверзитетот, целото речно кориот е прекопано, а остануваат само огромни мочуришта , кои се потенцијален извор на зараза и наезда на комарци, а ископите исто така се користат и за диви депонии кои се грда слика за околината, но и извор на зараза (повторно) недостаток на еколошка свест кај населението.

**Записничар:**
**Игор Тасевски - Модератор**